## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО НА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД СКОПЈЕ

Акционер кој има намера да учествува на свикано Собрание на акционери е должен да поднесе пријава за своето учество најдоцна пред почетокот на седницата.

Пријавата за учество на седницата на Собранието мора да содржи информации за името и презимето, единствениот матичен број на граѓанин (ЕМБГ) и адресата на живеење на акционерот, доколку акционерот е физичко лице, односно информации за називот на правното лице, ЕМБС, адресата на седиштето и името на законскиот застапник на акционерот, доколку акционерот е правно лице.

Доколку акционерот е правно лице, задолжително доставува и копија од тековната состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од шест месеци.

Пријавата за учество на седницата на Собранието, поднесена од страна на акционер – правно лице, е валидна само доколку акционерот на седницата е претставуван лично од законскиот застапник на акционерот.

Доколку акционер е странско физичко лице, во образецот за пријава за учество на седница на Собранието наместо ЕМБГ се наведува бројот на важечката патна исправа, усогласен со податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност.

Пријавата за учество на седницата на Собранието ја пополнува акционерот – физичко лице или законскиот застапник на акционер – правно лице, кои имаат намера лично да учествуваат на седницата. Доколку акционерот овластува полномошник, известувањето за овластување полномошник, кое се доставува заедно со оригинал на Полномошно, ќе се смета за уредна пријава за учество на седницата на Собранието преку полномошникот.

Пријавата за учество на седницата на Собранието може да се достави:

- по електронска пошта на електронската адреса на Друштвото: **tehnok@tehnokomerc.com.mk,**
- по препорачана пошта до Архивата во седиштето на Друштвото, со назнака: „За Собрание на акционери на Технокомерц АД Скопје", или
- лично во просториите на Друштвото.

Акционерите се должни навремено да ги ажурираат сите податоци поврзани со нивните акционерски права во Централниот депозитар за хартии од вредност, како и во останатите надлежни институции, и да обезбедат дека документите што ги доставуваат до Друштвото содржат целосно усогласени и ажурирани податоци.

Личните податоци доставени преку Пријавата за учество ќе бидат обработувани од страна на Технокомерц АД Скопје исклучиво за остварување на обврските што произлегуваат од Законот за трговските друштва и за остварување на правата на акционерите по основ на сопственост на хартии од вредност – акции во Технокомерц АД Скопје.

**ИЗЈАВА ЗА УЧЕСТВО НА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ – ФИЗИЧКО ЛИЦЕ**

Врз основа на член 391 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања) и член 47 од Статутот на Технокомерц АД Скопје, Јас, ______________________________________________, со Единствен матичен број на граѓанин (ЕМБГ) ______________________________, со адреса на живеење на ул. _________________________________број _______во ____________, со ова го пријавувам моето лично учество на седницата на Годишното собрание на акционери на Технокомерц АД Скопје, што ќе се одржи на ден 08.06.2026 година (понеделник), со почеток во 11:00 часот, во деловните простории на Друштвото.

Правото на учество го темелам врз основа на сопственоста на ______________ (број) обични акции издадени од Технокомерц АД Скопје, кои се заведени на мое име во евиденцијата на Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Изјавувам дека сум запознаен и согласен моите лични податоци да бидат обработувани исклучиво за спроведување на законските обврски од ЗТД и остварување на правата по основ на сопственост на акции.**

**Датум: _______________________________________**

**Акционер: ____________________________________**

**Напомена**: Доколку акционерот е странски државјанин, наместо ЕМБГ се впишува бројот на важечката патна исправа издадена од надлежниот орган на државата чиј државјанин е, усогласен со податоците евидентирани во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**ИЗЈАВА УЧЕСТВО НА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ - ПРАВНО ЛИЦЕ**

Врз основа на член 391 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РСМ“ бр. 28/04 и сите негови измени и дополнувања), и член 47 од Статутот на Технокомерц АД Скопје, Јас, ______________________________________________, како законски застапник на правното лице ___________________________________________, со Единствен матичен број на субјект (ЕМБС) ____________________________, со седиште на ул.____________________________________број _______во __________, со ова го пријавувам учеството на седницата на Годишното собрание на акционери на Технокомерц АД Скопје, што ќе се одржи на ден 08.06.2026 година (понеделник), со почеток во 11:00 часот, во деловните простории на Друштвото.

Правото на учество го темелиме врз основа на сопственоста на _______________(број) обични акции издадени од Технокомерц АД Скопје, кои се заведени на име на правното лице во евиденцијата на Централниот депозитар за хартии од вредност.

Изјавувам дека учеството на седницата ќе биде остварено лично преку законскиот застапник на акционерот – правното лице.

Со оваа пријава доставуваме и копија од тековната состојба од Централниот регистар, не постара од 30 дена.

**Изјавувам дека сум запознаен и согласен моите лични податоци да бидат обработувани исклучиво за спроведување на законските обврски од ЗТД и остварување на правата по основ на сопственост на акции.**

**Датум: ______________________________________**

**Акционер: ___________________________________**

**Застапник по закон: ___________________________**